# ПРИКАЗИ И КРИТИКА

## А. С. **Шофман, Очерки истории Македонии и македонского народа,** Том I—II, Казан 1960—1961, 288, 233

ОВОЈ двотомен труд на советскиот историчар А. С. Шофман претставува прва стојносна и значајна историја на Македонија и на македонскиот народ. Иако за нејзината појава пишуваме со задоцнување, сакаме и по овој пат да го истакнеме пионерскиот потфат на авторот, а со тоа и неговиот научен и објективен пристап во обработката на македонската историја.

Трудот на А. С. Шофман претставува излагање на лекциите, што тој ги одржувал за историјата на Македонија и на македонскиот народ, пред студентите на историско филолошкиот факултет на Казанскиот Универзитет „В. И. Уљанов — Ленин". Но, тоа ни малку не ја намалува неговата вредност, не само како прва,во ваков обем и опфатност, историја на Македонија и на македонскиот народ, туку и како прв обид научно да се изложи македонската историја.

Во историјата на А. С. Шофман македонската историја се разгледува од најстарите периоди, со формирањето на древномакедонската држава, (за древномакедонската држава авторот во 1960 г. објави одделна студија под наслов: „История Античной Македонии, Казан, 300) па сè до Првата светска војна. Во првиот том е разгледана историјата на Македонија од формирањето и развитокот на древномакедонската држава па сè до руско-турската војна. Вториот том го опфаќа периодот од руско-турската војна па сè до првата светска војна. Во уводот кон секое поглавје направен е осврт на изворите и на литературата, а по секое поглавје изведени се заклучоци. Употребена е најнова литература и најзначајни извори по историјата на Македонија. Даден е критички осврт на ненаучната литература во однос Македонија и македонското прашање. Авторот особено се дистанцирал од пропагандната литература, за што сведочи позитивниот третман во обработката на македонската историја.

Својот објективен став при обработката на македонската историја А. С. Шофман го определува уште во уводот на трудот. Тој истакнува дека Македонија „се јавува како татковина на македонскиот народ, еден од јужнословенските народи, којшто играл значителна улога во историјскиот развиток на Европа". Почнувајќи од најдревните времиња, со неговата судбина била поврзана историјата на грчко-римскиот свет и на Словените, Византинската империја, завојувањето од Турците, борбата за национална и социјална преродба на балканските народи".

По ваквото воопштено определување А. С. Шофман се задржува на најкарактеристичните периоди од македонската историја. Имено, тој подвлекол дека уште во античноста Македонија „од заостаната земја се претворила во центар на сиот тогашен елинистички свет". Како посебно значајно авторот ја смета словенската колонизација на Македонија, кога се изменил етничкиот и историскиот облик на Македонија. Со тоа започнал нов период, кога „Македонските Словени играле голема улога во социјално-економскиот и културниот живот на Византинската империја. При крајот на X и во почетокот на XI век македонскиот град Охрид станал центар на словенската писменост и словенската култура. Во Македонија се роди-

ле знаменитите солунски браќа Кирил и Методи.” Авторот обрнува внимание и на турскиот период. Во тој период ја образложува појавата на продолжителна борба на мекедонскиот народ против ропството. Исто така, авторот ја акцентира пропагандната борба за Македонија, кога таа станала „објект на надворешно-политички комбинации на различните држави. Шовинистичките стремежи на владите од балканските држави во однос на неа и заинтересираноста за европските држави за македонската земја, биле причина во XIX век Македонија да стане јаболко на раздор. Тие противречности не донеле на Македонија ништо, освен економска и национална потчинетост, што заканува во почетокот на XX век да се претворат во остер меѓународен конфликт”. Во тој вековен натпревар македонскиот народ „не малку пати се подигнувал во борба против своите угнетувачи. Тој постојано учествувал во национално-ослободителните движења на балканските народи и дал силни изрази на борбата за своето ослободување.”

Во својот труд А. С. Шофман се задржува само на најзабележителните периоди од македонската историја. На словенската колонизација авторот обрнува посебно внимание. Тој заклучува дека „цела Македонија била зафатена од словенските племиња, кои го асимилирале месното население и со тоа го определиле натамошниот развиток на оваа земја.” Развитокот на Македонските Слозени се образложува како значајно за економскиот жовот на Византија кои, од друга страна, се бореле со неа за своја слобода и независност. Освен тоа, македонските Словени ги определува и како творци и чувари на словенската култура. На политичката историја на Македонија до турското завојување авторот обрнува значително внимание. Ги одбележува борбите на македонскиот народ за самостојност и слобода. Со таков третман го разработува и турскиот период, истакнувајќи ги различните правци во борбата на македонскиот народ и тоа од неорганизираните форми до широкото ајдутско движење, до селанските и градските востанија. Периодот од крајот на XVIII век, и натаму до руско-турските војни, го окарактеризира како процес на распаѓање на феудалните и развивање на капиталистичките односи во Македонија. Обрнува внимание на занаетчиството, на трговијата, на борбата против фанариотството, на појавата на Егзархијата, како орган на реакционерниот дел на бугарската буржоазија, на изразито развиената просветна и културан дејност на македонските просветители.

Значителен простор А. С. Шофман обрнува на настаните во Македонија по седумдесеттите години од XIX век. На прво место обрнува внимание на национално-ослободителното движење. Сосема на место ги определува клаузулите на Сан-Стефанскиот мирен договор од 3 март 1878 година и претензиите што се криеле во заднината на оваа спогодба. Со овој мир, авторот смета дека Македонија била разделена и дека „судбината на Македонија се решавала не по пат на народна револуција, а по пат на воен разгром на Турција, како резултат на Руско-турската војна од 1877—1878 г. „До правилни заклучоци, авторот доаѓа и по прашањето на Кресненско-Разлошкото востание од 1878/1879 година, кое, поради надворешно мешање било поразено. Авторот смета дека „народот на Македонија не се потчинил. Тој извлекол од таа борба поуки, кои ги исползувал во нацонално-ослободителното движење, кое на широко се разгори при крајот на XIX и почетокот на XX век.”

Најголемо внимание А. С. Шофман обрнува на македонското национално-ослободително движење. Скоро двесте страници му посветува на периодот од 1893 до крајот на Втората балканска војна. Доста образложено е изложена социјално-економската положба, текот на движењето, Внатрешната организација, текот на предилинденската, илинденската и поилинденската револуционерна борба. Посебно внимание обрнува на раководителите на Внатрешната организација, а особено на Гоце Делчев, како „бесмртен водач на македонскиот народ.” Ја определува неговата голема улога во реорганизацијата и дејноста на Внатрешната организација. Авторот сосема правилно подвлекува дека „Називот Внатрешна македонска организација означувал разлика на оваа организација од сите други здруженија, групи и комитети, кои се создале особено во Бугарија со средства од владата за раширување

влијание во Македонија и за подготвување услови за присоединување на неа кон оваа или друга балканска држава. Буржоаско-монархиските влади во Софија, Белград, и Атина, смислиле план за создавање на Голема Бугарија, Голема Србија, Голема Грција, со стремеж да ја присвојат Македонија кон себе, Секоја од тие влади, стремејќи се да ја завојува Македонија, се стремеле да ги остварат своите планови по пат на искористување на ослободителното движење на македонскиот народ против турската империја. Во тие услови, принципот на внатрешната независност на револуционерното движење од балканските влади имал решавачко значење." Поаѓајки од определеното, авторот детално говори за развитокот на Внатрешната организација и тоа од донесувањето на Уставот од 1896 година, како „период на Гоцева револуционерна организација."

На Илинденското востание и на Крушевската Република авторот обрнува особено внимание. Крушевската Република ја смета како „најславна страница во историјата на Илинденското востание и на сето македонско ослободително движење." Целосно го објавува „Крушевскиот манифест", што секако и претставува прв негов превод на руски јазик, со што се создала можност и рускиот читател да се запознае со вистините на македонската илинденска борба.

Во трудот е разработен и периодот по востанието сѐ до крајот на Балканските војни. Обрнато е внимание на реформите, револуционерното движење по востанието, младотурската револуција и политиката на балканските држави за разграбување на Македонија, текот на војните и делбата на Македонија на три дела, како последица на Балканските војни. Тие војни ги смета за гибелни за Македонија. Авторот единствено правилно го смета становиштето, што го изнел В. И. Ленин, дека единствениот пат лежел во создавањето на федеративна балканска република, со што се осигурувал слободен развиток." Место таква република се појавил сојуз на монархии, кои започнале да го решаваат македонското прашање со војна, а не со револуција." Со излагањето за делбата на Македонија, како последица на Балканските војни, А. С. Шофман го завршува својот преглед на македонската историја.

Трудот на А. С. Шофман за историјата на Македонија и на македонскиот народ, и покрај извесни несогледувања, кои резултираат поради досега недостатно и несистематски обработени прашања од македонската историја, претставува стојносно дело. За прв пат во историографијата авторот се обидел во ваков целосен вид да ја изложи македонската историја. Ползувајќи ги најновите резултати од истражувањата, успеал да компонира едно вредносна научна студија. Излагањето се одликува со својот објективен третман. Со тоа А. С. Шофман исполнил вонредено значајна улога. Затоа нему и му припаѓа истакнато место во историографијата на Македонија.

Х. А.—П.

**Х. Андонов-Полјански, Осврт на изворите и литературата за односот на Европа кон Илинденското востание, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 19, (Скопје, 1967), стр. 203—243**

Прилогот на Христо Андонов-Полјански импресионира со својата сеопфатност. Во него, авторот, мошне студиозно, извршил опстојна тематска анализа на изворите и литературата во коишто се третира односот на Европа спрема Илинденското востание и настаните по него, па сѐ до Младотурската револуција.

Регистрирајќи и анализирајќи го богатиот фонд на документацијата и на обемната продукција за односот на Европа спрема овој вонредно значаен период од поновата македонска историја, авторот овозможува широк пристап кон проучувањето на ова прашање од сите негови аспекти. Тоа ѝ придава на неговата статија фундаментално значење.

Од изворните материјали за спомнатата тематика, авторот на прво место ја поставува дипломатската кореспонденција. Полјански накратко го изнесува империјалистичкиот интерес за